Бр.03-981/2

29 -03- 2021

С к о п ј е

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер, Агенција за вработување на Република Северна Македонија донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за пристап до информации од јавен карактер

1. Се уважува Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] од Струмица од Бр.03-14/21 од 10.03.2021 година доставено до Агенција за вработување на Република Северна Македонија – Центар за вработување Струмица, Агенција за вработување на Република Северна Македонија ги доставува бараните информации од јавен карактер.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] од Струмица од Бр.03-14/21 од 10.03.2021 година доставено до Агенција за вработување на Република Северна Македонија – Центар за вработување Струмица (заведено под Арх.бр.10-100/1 од 11.03.2021 година во Центар за вработување Струмица и бр.03-981/1 од 16.03.2021 година во Централна служба на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија), во прилог Ви ги доставуваме бараните информаци.

Прилог: Информации

Со оглед на горенаведеното, а согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија одлучи како во диспозитивот на ова Решение и ги достави бараните информации од јавен карактер до Барателот.

Упатство за правно средство: Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Со почит,

Службени лица за посредување
на информации од јавен карактер
Едвин Муковиќ
Ајсељ Идризи
Мери Трајковска

Директор
Abdush Demiri

Почитувани,

Согласно оперативните упатства и ОП на Влада за вработување 2018 , 2019. 2020 година , постои посебна целна група „ жени жртви на семејно насилство „ ( целна група на ранливи категории ) која е вклучена во сите активни мерки и политики на ОП на Влада како и во услугите за поддршка при вработување.

Но ажурирањето и евидентирањето на жените жртви на семејно насилство во систем како посебна целна група не постои, ( едноставно се регистрира само во случај на користење на мерка со избор на целна група ) но истите се водат како посебна евиденција врз основа на извештај и дописи кои ги добиваме од стрна на Центарот за социјални работи Струмица.

1. Дали жени жртви на семејно насилство биле дел од советување и обуки за зголемување на квалификациите за вработување во текот на 2018 , 2019, 2020г

- Да поголем дел од жените жртви на семејно насилство ( податоци кои редовно се доставуваат од страна на ЦСР Струмица) , беа вклучени во услугите на АВРМ - инфо сесии, советување и јакнење на вештините за вработување ( мотивациски обуки и запознавање се отворените можности за вработување) .

- 2018г во соработка со Организација на жени на Општина Струмица и здружението ЕСЕ, носители на проектот „ Социјална отчетност за родова еднаквост„ ( меѓу другите вклучени и жените жртви на семејно насилство) Центарот за Вработување Струмица учествуваше во повеќе инфо сесии за запознавање на услугите кои ги нуди АВРМ за таа целна група како и мерките од ОП на Влада. Исто така беа споделени и информации за отворени посредувања и отворени работни места од страна на работодавачи.

2.Дали и колку жени на жртви на семјно насилство биле вработени со мерката субвенционирано вработување?

Во последните три години , можеме да кажеме дека е многу мал бројот на жени кои институционално се регистрираат како жртви на семејно насилство. Согласно добиените податоци до сега од ЦСР Струмица, во последните 3 години се доставени само податоци за 12 жени регистрирани како жртви на семејно насилство.

Но немаме вработување на жртва на семејно насилство согласно мерка 2.1 субвенционирање на плати. Оваа е од причина што многу малку се обраќаат до

Агнецијата за вработување, ЦВ Струмица . Истите тие бараат солидарни фондови преку Општина Струмица или бараат поддршка преку НВО , а помалку гледаат можност или се обраќаат во Центарот за вработување за поддршка при вработување.

ЦВ Струмица има контактирано некои од жртвите, ги имаме покането да учествуваат во мотивациските обуки, кои изјавиле дека не се во моментот способни за работа, некои се вратиле во семејствата од каде и излегле, имаме случаи и во други градови ,и сл.

3.Дали и колку од предвидените мерки на ОП2018, 2019, 2020 за вработување на жртви на семејно насилство беа искористени ?

Во делот на користење на активни мерки и политики во последните 3 години немаме жени жртви на семејно насилство вклучени во мерката.

И како причина ја наведуваме - се помалата посетеност на ЦВ Струмица од нивна страна, мал број на институционално регистрираниреку ЦСР Струмица, недоволна нивна ин формираност , не одговарање на наши покани за вклучување на пазарот на трудот, некои од нив се и корисници на минимална гарантирана социјлана помош, најчесто с еобраќаат до Општина Струмица и НВО .